**20091332571**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕГИСТРИРАЊЕ НА ГОТОВИНСКИ ПЛАЌАЊА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 2 ноември 2009 година.

Бр. 07-4583/1
2 ноември 2009 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕГИСТРИРАЊЕ НА ГОТОВИНСКИ ПЛАЌАЊА

Член 1

Во Законот за регистрирање на готовинските плаќања („Службен весник на Република Македонија” број 31/2001, 42/2003, 40/2004, 70/2006, 126/2006 и 88/2008), во членот 20-а став 2 зборовите: “даночните инспектори” се заменуваат со зборовите: “даночните контролори”.

Член 2

Во членот 20-б став (1) во првата реченица зборовите: “даночниот инспектор” се заменуваат со зборовите: “даночниот контролор”, а втората реченица се менува и гласи: “Доколку се утврди дека даночниот обврзник нема воведено фискален систем на опрема за регистрирање на готовинските плаќања, Управата за јавни приходи донесува решение со кое на даночниот обврзник му изрекува привремена забрана за вршење на дејност во деловната просторија каде што е извршена контролата во траење од:

- за даночен обврзник правно лице 30 дена и
- за даночен обврзник физичко лице 15 дена.“

Ставот (3) се брише.

Член 3

Членот 20-г се менува и гласи:

„(1) За констатираната незаконитост од членот 20-б став (1) на овој закон истовремено со решението за изрекување привремена забрана за вршење дејност, на даночниот обврзник даночниот контролор ќе му издаде налог за плаќање на глоба во висина од 50% од висината на глобата утврдена со членот 23-а од овој закон, која даночниот обврзник е должен да ја плати во рок од осум дена од доставувањето на налогот.



www.pravdiko.com

(2) Доколку даночниот обврзник не ја плати глобата во утврдениот рок, даночниот контролор поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до Комисијата за одлучување по прекршоци при Управата за јавни приходи.

(3) Во записникот за контролата се констатира издавањето на налогот за плаќање на глобата.”

Член 4

Членот 20-ѓ се менува и гласи:

„На барање на даночниот обврзник на којшто му е изречена привремена забрана за вршење на дејност заради непоседување на фискален систем на опрема за регистрирање на готовинските плаќања, Управата за јавни приходи, за време на траењето на забраната за вршење на дејност, ќе го отпечати деловниот простор и ќе му дозволи да продолжи со вршење на дејноста во истиот, доколку даночниот обврзник набавил и инсталирал фискален систем на опрема за регистрирање на готовинските плаќања и ја платил глобата утврдена во налогот за нејзино плаќање.“

Член 5

По членот 20-ѓ се додаваат три нови члена 20-е, 20-ж и 20-з, кои гласат:

„Член 20-е

(1) Доколку при повторна контрола на деловниот простор се утврди дека даночниот обврзник не набавил и не инсталирал фискален систем на опрема за регистрирање на готовинските плаќања, Управата за јавни приходи донесува решение со кое му изрекува привремена забрана за вршење на дејност во роковите утврдени во членот 20-б од овој закон. Даночниот контролор воедно поднесува барање за поведување прекршочна постапка до Комисијата за одлучување по прекршоци при Управата за јавни приходи.

(2) За прекршокот од ставот (1) на овој член на даночниот обврзник ќе му се изрече глоба во висина утврдена во членот 21 од овој закон.

Член 20-ж

(1) Доколку даночниот контролор утврди дека даночниот обврзник прометот не го регистрира преку фискален систем на опрема или не издава фискална сметка на купувачите, односно корисниците на услугата, заедно со записникот за извршената контрола му издава налог за плаќање на глоба во висина од 50% од висината на глобата утрдена со членот 23-а од овој закон, која даночниот обврзник е должен да ја плати во рок од осум дена од доставувањето на налогот.

(2) На записникот даночниот обврзник нема право на приговор.

(3) Доколку даночниот обврзник не ја плати глобата во утврдениот рок, даночниот контролор поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред Комисијата за одлучување по прекршоци при Управата за јавни приходи, која на даночниот обврзник за прекршокот од ставот (1) на овој член ќе му изрече глоба во висина утврдена во членот 21 од овој закон.

Член 20-з

(1) Доколку во повторна контрола извршена кај даночниот обврзник се констатира истата незаконитост од членот 20-ж на овој закон, Управата за јавни приходи донесува решение со кое на даночниот обврзник му изрекува забрана за вршење на дејност во деловната просторија каде што е извршена контролата во роковите утврдени во членот 20-б од овој закон. Даночниот контролор поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред Комисијата за одлучување по прекршоци при Управата за јавни приходи.

(2) За прекршокот од ставот (1) од овој член на даночниот обврзник ќе му изрече глоба во висина утврдена во членот 21 од овој закон.“

Член 6

Во членот 23-а став (1) зборот “инспекторот“ се заменува со зборовите: “даночниот контролор“.

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.


www.pravdiko.com